РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата преку web формата на Државната комисија доставено е Барање мислење, со кое се бара мислење и насока за постапување во однос на тоа дали постои судир на интереси при спроведување на јавна набавка во договорен орган каде на огласот за набавка на машина се јавил еден понудувач и Комисијата дала предлог до директорот истиот да се избере, но настанало промена на директорот, по што после превземање на функцијата од страна на новиот директор се направило увид во документацијата од спроведената јавна набавка каде е констатирано дека одговорно лице и основач на понудувачот е син на претходниот директор и седиштето на фирмата е домашна адреса на претходниот директор.
Исто така од Државната комисија се бараат насоки за постапување во наведената ситуација, односно дали да се продолжи со постапката и да се донесе одлука за избор на најповолен понудувач или да се постапи на друг начин.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## МИСЛЕЊЕ

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Имено, Државната комисија е на став дека во конкретната ситуација, лицето кое моментално ја врши функцијата директор кај договорниот орган, каде се спроведува јавната набавка, нема судир на интереси согласно цитираниот член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Понатаму, во однос на наведеното прашање во барањето дали има индиции за било каква корупција со оглед на тоа дека одговорно лице и основач на понудувачот е син на претходниот директор и седиштето на фирмата е домашна адреса на претходниот директор, Државната комисија извести дека во отсуство на податоци и документација не може да се произнесе во ова мислење.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk